Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет ***Ликовно образование*** за ***V*** одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**V Одделение**

Август 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Скратенета програма се однесува за уч. 2020/2021 год. и во неа се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Прегледнатеми и наставни единици

| ТЕМА: ЦРТАЊЕ (11 ЧАСА) |
|---|
| Наставни единици:<br>1. Средства за цртање и нивна употреба<br>2. Ликовни елементи во цртањето<br>3. Видови ритам во цтрањето<br>4. Цртање Линија (контурна линија)<br>5. Цртање Линија (разновидни линии)<br>6. Цртање Линија (статички и динамички)<br>7. Цртање Форма<br>8. Цртање Текстура<br>9. Цртање Текстура мотив – туш и перо<br>10. Цртање простор (блиски и далечни објекти)<br>11. Цртање простор (објекти кои се движат и не се движат) - статика и динамика |

| ТЕМА: СЛИКАЊЕ (28 ЧАСА) |
| --- |
| Наставни единици:<br><br>1. Основни средства за сликање и нивна употреба<br>2. Сликање Боја (хроматски бои)<br>3Сликање Боја хроматски бои мотив – „Градби од минатото“<br>4. Сликање Боја (топли бои)<br>5.Сликање – Боја - топли бои -темпера<br>6. Сликање Боја (ладни бои)<br>7.Сликање – Боја - ладни бои – гваш<br>8. Сликање Боја (светли и темни бои)<br>9.Сликање – Боја - светли и темни бои – Слободен ритам- темпера<br>10.Сликање Боја (ахроматски бои)<br>11.Сликање – Боја - ахроматски бои - темпера<br>12.Сликање Тон градација (боја, тон, насока и текстура)<br>13.Сликање – Тон градација (боја, тон, наока и текстура) – Слободно компонирање – гваш<br>14. Сликање Боја (комплементарен контраст)<br>15.Сликање – Боја (комплементарен контраст) мотив – Народна шара (црвена-зелена) – (темпера)<br>16.Сликање Ритам на облици<br>17.Сликање – Ритам на облици - темпера<br>18.Сликање Боја (комплементарни бои)<br>19. Сликање мртва природа<br>20. Сликање Површина, текстура<br>21.Сликање Површина, текстура- мотив – Природна текстура - (туш)<br>22.Сликање по доживеано и фантазија<br>23.Сликање – Боја (основни и секундарни бои)- мотив - Екологија (сликање по набљудување)<br>24.Сликање - Боја (комплементарен контраст - колаж) мотив – 2Д форми (портокалово – сина) апстрактна композиција<br>25. Сликање внатрешен и надворешен простор<br>26.Сликање внатрешен и надворешен простор |

27.Сликање комбинација на мали и големи форми со сликарска текстура
28.Сликање комбинација  мали и големи форми со сликарска текстура

| ТЕМА: ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ(11 ЧАСА) |
|---|
| Наставни единици:<br>1. Средства за моделирање<br>2.Градење, обликување<br>3.Обликување, моделирање – волумен (контраст на волумен)<br>4.Обликување, моделирање – волумен (контраст на волумен)- (глина)<br>5.Обликување на просторот, моделирање, градење – контраст на големини и форми<br>6.Обликување на просторот, моделирање, градење – контраст на големини и форми – амбалажа<br>7.Обликување на просторот, моделирање – пропорција<br>8.Обликување на просторот, моделирање – Пропорција - (глина)<br>9.Естетско проценување<br>10.Моделирање и градење по набљудување, помнење и фантазија<br>11.Моделирање и градење по набљудување, помнење и фантазија-проценување |
| ТЕМА: ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ  ( 7 ЧАСА) |
| Наставни единици:<br>1. Ликовни елементи во дизајнот<br>2.Дизајн – декорирање предмети<br>3.Дизајн мотив: Новогодишни украси<br>4.Дизајн – нацрт украсни предмети<br>6Дизајн – нацрт украсни предмети -Дизајн мотив - лик<br>5.Визуелни комуникации и дизајн  - цртање<br>6.Визуелни комуникации и дизајн – скицирање |

| |
|---|
| 7.Визуелни комуникации и дизајн – Скицирање на сообраќајна ситуација |

| ТЕМА: ГРАФИКА ( 7 ЧАСА) |
|---|
| Наставни единици:<br>1. Графика Простор, плоштина<br>2. Графика – Простор, плоштина- мотив – Мртва природа (молив)<br>3. Графика  Контраст (мало-големо)<br>4. Графика – Контраст (мало-големо) - (картон печат)<br>5. Графика  Печатење монотипија<br>6. Графика – Форми, големини и бои<br>7. Графика – Форми, големини и бои  ( печат) мотив – цветови |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование е* редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активностии методи). Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *ликовно образование* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, англиски јазик, запознавање на околината, музичко образование и физичко и здравствено образование. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на

различни активности и содржини согласно нивните можности , способности како и нивните интереси. Најефикасни методи на учење во наставата по ликовно образование се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења и вештини. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.

**Се препорачува определени наставни единици во зависност од наведените цели, да се работат во повеќе часови со примена на соодветни вежби по одредени мотиви. Останува наставникот, во зависност од материјално - техничката подршка со која располага како и од можностите и способностите на учениците , нивната мотивираноста за ликовно творење, колективна соработка и сл., сам да ја определи временскта рамка на реализација на одделни наставни содржини, во согласност со предвидениот временски период.**

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет *ликовно образование* за петто одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/195
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска